СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

# ЕУ ВЕСТИ

***ноември 2018 година***

***ЕУЦ-број 39/2018***

## УСВОЕНА РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Европскиот парламент на пленарната сесија на 29 ноември 2018 година со 470 гласа „За“, 116 „против“ и 46 „воздржани“ ја усвои Резолуцијата за Извештајот за Република Македонија за 2018 во која се бара отпочнување на преговорите за членство во Европската Унија во јуни следната година.

Република Македонија треба да покаже резултати во реформскиот процес, посебно во областа на судството, борбата против корупцијата и другите клучни закони. Европратениците ги повикуваат националните власти да ја интензивираат борбата против перењето пари и судирот на интереси, со цел подобра заштитата на судството од политичко мешање и справување со одредени проблеми во владеењето на правото, кои продолжуваат да претставуваат сериозен предизвик.

Во дебатата известителот на ЕП за Република Македонија словенечкиот европратеник Иво Вајгл изнесе „Откако сите услови ќе бидат исполнети, членството на Македонија во ЕУ ќе обезбеди ветувачка иднина за оваа и следните генерации“.

Европратениците ја поздравија одлуката на Собранието за почеток на уставниот процес за спроведување на Преспанскиот договор од 17-ти јуни годинава помеѓу Македонија и Грција. Договорот ја отвора вратата за пристапните преговори во ЕУ и НАТО и испраќа позитивен сигнал за стабилноста и помирувањето во целиот регион на Западен Балкан, истакнаа европратениците во дебатата.

Известувачот Иво Вајгл, но и други европратеници потсетија дека не само Македонија, туку и Европската Унија треба да ги исполни своите ветувања во евроинтегративниот процес.

Во дебатата еврокомесарот Хан истакна дека земјата се врати на евроатлантскиот пат и ги поздрави уставните измени нарекувајќи ги храбар чекор кој очекува да продолжи без одлагање. Од голема важност е реформскиот момент да се продлабочи во интерес на граѓаните, изјави Хан потсетувајќи на трите услови опфатени во заклучоците на Советот на ЕУ од јуни – независно судство и борба против корупција, контрола на разузнавачките и безбедносните служби и реформата на јавната администрација.

Претставничката на австриското претседателство, Каролин Едстадлер, слично како и комесарот Хан потсети на преостанатите реформи кои се потребни за почеток на преговори и повика да се најде начин да се обезбеди непрекинато работење на Специјалното јавно обвинителство.

Европратениците ги повикаа унгарските власти да го екстрадираат поранешниот македонски премиер Никола Груевски во својата татковина, кој, откако беше осуден на казна затвор за корупција, избега во Унгарија.

Амандманите поднесени од грчки европратеници во кои се бара да биде избришана придавката „македонски“ секаде во извештајот беа отфрлени од мнозинството европратеници.

Европскиот Парламент усвојува резолуција за секоја од земјите кандидати за проширување, по објавувањето на извештаите на Европската Комисија за овие земји. Овие резолуции претставуваат официјален став на Европскиот парламент, кој Советот и Комисијата го земаат предвид иако не е правно обврзувачки.

http://www.europarl.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Усвоена резолуцијата на ЕП за РМ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Латвија се приклучи кон е-здравствената соработка за персонализирана здравствена заштита | 6 |
| Механизам за соработка и верификација - напредокот на Бугарија и Романија | 6 |
| Подобрување на безбедноста на документите на лична идентификација | 7 |
| Европски ден на разумна употреба на антибиотици - 2018 | 7 |
| Нова регулатива за Агенцијата за судска соработка на ЕУ - Eurojust | 8 |
| Европска недела на вештини и обезбедување на квалитет во стручното образование и обука 2018 | 8 |
| Избран кандидат на Европската народна партија за следните европски избори | 9 |
| Чиста планета за сите - нова долгорочна стратегија на ЕУ | 9 |
| Систем за контрола на странските инвестиции во Европската унија | 10 |
| Соработка во областа на одбраната - нови 17 проекти на PESCO | 11 |
| ЕУ календар / декември 2018 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 12-15 ноември 2018 година***

На отворањето на пленарната сесија на Европскиот парламент, претседателот Тајани изрази сочувство до семејствата на жртвите на екстремните временски услови во Италија. Тој й се заблагодари на Европската комисија за помошта на земјите - членки на ЕУ во итни случаи, преку службите за цивилна заштита.

Парламентот во вторникот го потврди привремениот договор постигнат со Советот за енергетска ефикасност во јуни (со 434 гласа, 104 против и 37 воздржани), обновливите извори на енергија (со 495 гласа, 68 против и 61 воздржан) и управувањето со Енергетската унија (со 475 гласа, 100 против и 33 воздржани) - три важни законски досиеја кои се дел од пакетот за чиста енергија за сите Европејци. До 2030 година, енергетската ефикасност во ЕУ мора да се подобри за 32,5%, додека учеството на енергијата од обновливите извори треба да биде најмалку 32% од бруто-финалната потрошувачка на ЕУ. Двете цели треба да се разгледаат до 2023 година. Овие цели можат само да се зголемат, а не да се намалат.

Штом Советот официјално ќе го усвои договорот, новите правила ќе бидат објавени во Службен весник и влегуваат во сила 20 дена по објавувањето. Регулативата за управување ќе биде директно применета во сите земји-членки, додека земјите-членки ќе мора да ги транспонираат новите елементи од другите две директиви во националното законодавство најдоцна 18 месеци по нејзиното влегување во сила.

На сесијата европратениците одобрија 17.730.519 евра помош за поправка на штетата предизвикана од интензивните поплави во Летонија летото и есента 2017 година. Помошта доаѓа од Фондот за солидарност на ЕУ (EUSF). Извештајот на Инес Вајдере (ЕПП) кој препорачува брзо одобрување на одлуката беше одобрен со 402 гласа, 25 против и 7 воздржани.

Фондот за солидарност на Европската Унија беше формиран за да одговори на големите природни катастрофи и да ја изрази европската солидарност кон региони погодени со катастрофи во Европа.

Во насока на постојана дискриминација, ЕП повикува на заеднички правила со кои ќе се обезбеди почитување на правата на сите национални малцинства низ ЕУ. Европратениците ја повикуваат Европската комисија да подготви директива за минимални стандарди за малцинствата во ЕУ, вклучувајќи одредници и мерки за спречување на дискриминацијата на малцинствата од страна на земјите-членки. Во усвоената резолуција европратениците, исто така повикуваат на заедничка дефиниција за малцинствата и препорачуваат усвојување на дефиницијата утврдена во Европската конвенција за човекови права (ECHR).

Европскиот парламент е „длабоко загрижен“ во врска со реформата на романските судски и кривични закони, што ризикува поткопување на поделбата на власта и борбата против корупцијата. Измените во Кривичниот законик и Законот за кривична постапка - од кои повеќето романскиот Уставен суд ги смета за неуставни - претставуваат уште еден извор на загриженост, со дополнителни ефекти врз капацитетот за борба против корупцијата, насилните кривични дела и организираниот криминал.

Усвоените нови предлог-правила од страна на европратениците укажуваат како, каде и кога малите пелагички риби, како што се анчови и сардини, можат да се ловат во Јадранското Море. Предложениот повеќегодишен план, одобрен со 342 гласа за, 295 против и 24 воздржани, ќе воспостави можност за риболов на мали видови кои пливаат во близина на површината на Јадранското Море, односно, главно, анчови и сардини.

Комисијата треба да го оцени влијанието на повеќегодишниот план три години по неговото влегување во сила и да предложи, доколку е

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

„Толеранцијата е душата на Европа и е суштинска основна вредност на европската идеја“, истакна германската канцеларка Ангела Меркел на дебатата за иднината на Европа со европратениците и претседателот на Европската комисија, Жан-Клод Јункер. Меѓутоа, во последниве години, оваа душа е затегната од многу различни предизвици како што се јавниот долг, тероризмот, војни кои се водеа близу нашиот континент, миграција, дигитализација или климатски промени.

И покрај вообичаено договорените правила, поставувајќи ги критериумите за тоа кој би можел да добие дозвола за извоз на оружје, земјите-членки систематски не успеале да ги применат. Европскиот парламент бара механизам за спроведување на санкции за земјите членки на ЕУ кои ги кршат правилата. Заедничките правила за извоз на оружје се од суштинско значење за да се избегнат злоупотребите на човековите права и да се спречи употребата на европско оружје против европските вооружени сили, истакнаа европратениците.

Европратениците на пленарната сесија ја потврдија својата позиција за следниот долгорочен буџет на ЕУ, вклучувајќи ја и прецизната анализа на износите за секоја програма на ЕУ.

Европскиот парламент го потврди привремениот договор постигнат со Советот на министри во јуни за Европскиот кодекс за електронски комуникации (EECC) со 584 гласа за, 42 против и 50 воздржани, а Телото на европските регулатори за електронски комуникации (BEREC) со 590 гласа за, 63 против и 23 воздржани. Новите правила ќе им овозможат на граѓаните голема брзина за поврзување и безбедни повици достапни во рамките на ЕУ, истовремено обезбедувајќи неопходна предвидливост за телекомуникациските оператори да ги зголемат инвестициите во брз интернет.

За намалување на емисиите на стакленички гасови на ЕУ до 2030 година европратениците усвоија поголема цел (35%) од Европската комисија (30%) за нови камиони, со средна цел од 20% до 2025 година. Производителите, исто така, ќе треба да осигурат дека возилата со нула и ниска емисија (кои испуштаат најмалку 50% помалку емисии) претставуваат 20% од пазарниот удел во продажбата на нови возила до 2030 година и 5% до 2025 година.

Европската Унија треба да изготви план за борба против болеста „тивка епидемија“ распространета со крлежи, која останува недоозначена и влијае на околу еден милион Европејци. Пратениците изразија загриженост за алармантната стапка со која лајмската борелиоза се шири низ ЕУ, во резолуцијата усвоена со кревање на рацете.

Обновените права на патниците во железничкиот сообраќај треба да вклучуваат повисоки стапки на компензација за одложувања и подобра помош за лицата со намалена мобилност. Европратениците ги поддржаа промените на правилата од 2009 година кои имаат за цел да обезбедат подобра помош за лицата со намалена мобилност, подобар пристап за велосипедистите и појасни постапки за обработка на жалби. Покрај тоа, железничките компании треба да ги подобрат информациите што им се дадени на патниците за нивните права и да го зголемат надоместокот што им се исплаќа на патниците во случај на одложувања.

***Пленарна сесија 28-29 ноември 2018 година***

На пленарната сесија европратениците истакнаа дека внатрешните гранични проверки во рамки на Шенген зоната треба да се ограничат на максимум една година.

Европратениците во усвоените три резолуции го оценија напредокот постигнат во 2018 година во Република Македонија, Албанија и Црна Гора на нивниот пат кон можното пристапување во ЕУ.

Исто така, ЕП побара истрага, одлучни промени и посилни даночни власти како резултат на даночната измама од 55 милијарди евра, со која беа зафатени 11 земји-членки на ЕУ.



www.europarl.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

На 05 ноември 2018 година претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери оствари средба со Волфганг Соботка, претседател на Националниот совет на Република Австрија, кој престојуваше во еднодневна официјална посета на Република Македонија.
На средбата, двајцата високи државници се заложија за понатамошно и континуирано одржување и надградување на постојните односи, како на парламентарно, така и на државно ниво. Претседателот Џафери се заблагодари на безрезервната поддршка што Република Австрија ја дава на Република Македонија во нејзините напори за интегрирање во евроатлантските структури, поддршка којашто е поткрепена и со Стратегијата на Европската комисија за Балканот, меѓутоа и со актуелната улога на претседавач со Европската Унија. Претседателот на Националниот совет на Република Австрија, Волфганг Соботка се обрати пред пратениците на 63 седница на Собранието што се одржа на 05.11.2018 год.





СОБРАНИСКА ДЕЛЕГАЦИЈА НА 64. ГОДИШНА СЕСИЈА НА ПС НА НАТО ВО ХАЛИФАКС, КАНАДА

Претседателот на Собранието на Република Македонија Талат Џафери и Делегацијата на Собранието Република Македонија во ПС на НАТО во состав Илија Димовски, Катерина Кузмановска и Весел Мемеди, учествуваа на 64.годишна сесија на Парламентарното Собрание на НАТО, која се одржа од 16 -19 ноември 2018 година во Халифакс, Канада. По покана на ПС на НАТО, на пленарната сесија се обрати претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери. Во своето обраќање г. Џафери ја поздрави поддршката на претседателката на Парламентарното Собрание на НАТО, г-ѓа Раза Јукневичиене за Република Македонија на нејзиниот пат кон НАТО Алијансата, како и ангажманот на НАТО преку испраќањето на поканата за членство на Република Македонија во НАТО пред неколку месеци. „За сиот тој период, колку и да е нашиот придонес мал или голем припадниците на нашите безбедносни сили, а кои се дел од мировните операции на НАТО се вистински професионалци со високо присвоени вредности, вештини и стандарди, еднакви на сите припадници на НАТО структурите. Тоа е потврда дека учиме, растеме и се развиваме, како безбедносни сили меѓутоа, во исто време, и како општество, и како држава“ - истакна г. Џафери.
На годишната сесија на ПС на НАТО нашата делегација учествуваше и во работата на комитетите, каде што меѓу другото, се дискутираше за безбедноста во Западен Балкан, при што се спомена дека Република Македонија веќе доби формална покана за Самитот на НАТО, но земјата ќе стане нејзина полноправна членка само по целосно разрешување на спорот за името.
Собранието на Република Македонија има статус на асоцијативен член во Парламентарното собрание на НАТО од 1994 година и ова е за прв пат претседател на Собрание на Република Македонија да биде поканет да се обрати пред парламентарците на оваа респектирана меѓународна организација која обединува над 260 парламентарци од земјите-членки на НАТО, асоцијативни земји, земји-набљудувачи, партнерски парламенти и претставници од други меѓународни организации.

**СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА**

Претседателот на Собранието на Република Македонија, Талат Џафери на 14 ноември 2018 година оствари средба со премиерот на Република Малта, Јозеф Мускат кој беше во прва официјална посета на Република Македонија. Средбата помина во пријателска и конструктивна атмосфера и на истата се разменија повеќе информации и мислења околу идната соработка на двете земји, како на политички така и на економски план. Претседателот на Собранието изрази благодарност за досегашната поддршка од страна на Малта за нашите евроинтеграциски процеси и истакна дека е добредојдена помошта и искуството кое може да го добиеме од Република Малта. Претседателот на Владата на Малта изрази задоволство од топлиот и пријателски прием во Република Македонија и изрази надеж дека добрите и пријателски односи ќе продолжат да се развиваат и во иднина. Исто така, Премиерот на Малта искажа спремност на неговата земја да даде поддршка на Република Македонија на планот на интегрирање во ЕУ и тоа со конкретни програми и планови.



www.sobranie.mk



Во рамките на дводневната работната посета на Брисел на 27 и 28 ноември 2018 година, Делегацијата на Собранието во состав: Горан Милевски, Ејуп Аљими, Мери Лазарова и Никола Мицевски учествуваше на втората тркалезна маса на високо ниво, на покана на претседателот на Европскиот парламент Антонио Тајани. Во дискусијата по двете точки од агендата: ЕУ реформите и подобрувањето на билатералните односи во земјите од Западниот Балкан, свои излагања имаа пратениците Горан Милевски и Мери Лазарова. Тие информираа за постигнатите резултати во ЕУ реформите и реализацијата на Преспанскиот договор. Притоа беше истакната потребата земјата да добие датум за почеток на преговори во јуни наредната година на седницата на Европскиот совет. Делегацијата на Собранието оствари средби со известителот на Комисијата за надворешна политика во Европскиот парламент за Република Македонија, Иво Вајгл, како и со европратениците Кнут Флекенштајн, Едуард Кукан, Алојз Петерле и Рајнхарт Бутикофер. На средбите кои се одржаа непосредно пред расправата по Резолуцијата за напредокот на Република Македонија во 2018 година од страна на нашата делегација беше потврдена определбата на земјата за евроатлантската интеграција и подготвеноста за реализација на ЕУ реформите кои ги бара од нас ЕУ. Делегацијата присуствуваше и на пленарната седница на Европскиот парламент на која се расправаше за Резолуцијата.

На дводневната Конференција на Комисиите за европски прашања, што се одржа на 18-20 ноември во Виена, учествуваше Делегација на Комисијата за европски прашања на Собранието во состав Шпреса Хадри, Лидија Тасевска и Владанка Авировиќ. Понатамошното проширување на ЕУ со земјите од Западен Балкан. Во рамките на дебатата за реализацијата на приоритетите на австриското претседателство со Советот на ЕУ, за што воведни обраќања имаа претседателот на Австрискиот национален совет, Соботка и претседателот на австрискиот Федерален совет, Пош-Грушка, свое излагање имаше и шефот на Делегацијата, Шпреса Хадри, која се заблагодари за австриската поддршка за понатамошното проширување на ЕУ со земјите од Западен Балкан.





На покана од Европскиот парламент, претседателката на собраниската Комисија за култура, Ирена Стефоска, учествуваше на интерпарламентарен комисиски состанок на тема „Европско културно наследство“ што се одржа во Европскиот парламент во Брисел, на 20 ноември годинава. Пратеничката Стефоска имаше свое обраќање на тема „Културното наследство во Република Македонија: основа за иднината“. Таа потенцираше дека културното наследство е клучен сегмент во дефинирањето на културата и цивилизацискиот развој на македонското општество.

## ЛАТВИЈА СЕ ПРИКЛУЧИ КОН ЕЛЕКТРОНСКАТА ЗДРАВСТВЕНА СОРАБОТКА ЗА ПЕРСОНАЛИЗИРАНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА




Латвија ја потпиша Европската декларација за поврзување на геномните бази на податоци преку границите, која има за цел да го подобри разбирањето и спречувањето на болестите и да овозможи повеќе персонализирани третмани, особено за ретки болести, рак и мозочни заболувања.

Декларацијата претставува договор за соработка помеѓу земјите кои сакаат да обезбедат безбеден и овластен прекуграничен пристап до националните и регионалните банки на генетски и други здравствени податоци, во согласност со сите правила на ЕУ за заштита на податоците. Целта е исто така да се задржи ЕУ во глобална предност во однос на персонализираната медицина, а во исто време да поттикне научни резултати и индустриска конкурентност.

Латвија е 19-ти потписник на Декларацијата, која првично беше објавена на 10.04.2018 и веќе е потпишана од Австрија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Кипар, Естонија, Финска, Грција, Италија, Литванија, Луксембург, Малта, Холандија, Португалија, Словенија, Шпанија, Шведска и Велика Британија. Во април годинава Европската комисија предложи Акциски план за обезбедување податоци за здравствената заштита, истовремено поттикнувајќи ја европската соработка.

https://ec.europa.eu

---

## МЕХАНИЗАМ ЗА СОРАБОТКА И ВЕРИФИКАЦИЈА—НАПРЕДОКОТ НА БУГАРИЈА И РОМАНИЈА



Европската комисија, во контекст на Механизмот за соработка и верификација ги објави најновите извештаи за преземените чекори на Бугарија и Романија за исполнување на обврските во судските реформи и борбата против корупцијата. Бугарија дополнително и обврските во делот на организираниот криминал.

Во Извештајот за Бугарија се нотира напредок постигнат во изминатата година во исполнување на 17 препораки утврдени во Извештајот на Комисијата од јануари 2017 година, и позитивно ги нотира континуираните напори и решеноста на државата за спроведување на препораките.

Европската комисија е убедена дека Бугарија, доколку го следи сегашниот позитивен тренд, ќе може да ги исполни сите останати препораки, а со тоа и преостанатите одредници. Ова ќе овозможи Механизмот за соработка и верификација за Бугарија да биде заклучен пред крајот на актуелниот мандат Комисијата, што е во согласност со насоките од претседателот на ЕК, Жан-Клод Јункер од почетокот на неговиот мандат.

Во Извештајот за Романија, се нотира дека иако земјата презеле некои чекори за спроведување на последните 12 препораки од Извештајот на Комисијата од јануари 2017 година, неодамнешните случувања го попречиле текот на напредокот и ја довеле во прашање позитивната оценка.

Препораките повеќе не се доволни за да се исполнат насоките на претседателот Жан-Клод Јункер за да се заврши Механизмот за соработка и верификација, пред истекот на мандатот на оваа комисија. Затоа во Извештајот се поставуваат бројни дополнителни препораки кои треба итно да бидат проследени. Итната имплементација на дополнителните мерки е од суштинско значење за повторно реформскиот процес да се врати на вистинскиот пат и да се продолжи кон реализација на заклучоците на Механизмот за соработка и верификација утврдени во Извештајот од јануари 2017 година.

http://europa.eu

## ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА




Со цел намалување на измамите со идентитетот на личните документи, на 14.11.2018 година амбасадорите на Европската Унија го потврдиле ставот на Советот, за предлог регулатива која ќе ја зајакне безбедноста на личните карти, документите за престој издадени за граѓаните на Европската Унија.

Во последниве неколку години се воведоа заеднички безбедносни стандарди на Европската Унија за идентитет и патни документи, вклучително пасоши, визи и дозволи за престој за државјани на трети земји. Сепак, според постоечките правила, безбедносните нивоа на националните лични карти и документите за резидентни граѓани на ЕУ, значително се разликуваат, со што се зголемува ризикот од измама со документите. Новите правила се утврдени во нацрт-регулативата предложена од Европската комисијата на 17 април 2018 година.

Новите правила треба да ја подобрат безбедноста на документите, со воведување на минимални стандарди како за информациите содржани во нив така и за безбедносните карактеристики заеднички за сите земји-членки на ЕУ, кои ги издаваат. Според предложените нови правила, личните карти ќе мора да бидат произведени во унифициран формат на кредитна картичка (ID-1), да вклучуваат машински читлива зона и да ги следат минималните безбедносни стандарди утврдени од ICAO (Меѓународната организација за цивилно воздухопловство). Тие, исто така, ќе треба да имаат фотографија и два отпечатоци од прстите на сопственикот на картичката во дигитален формат на бесконтактен чип.

Личните карти ќе имаат максимален рок на важност до 10 години. Земјите членки на ЕУ можат да издаваат лични карти со подолга важност за лица на возраст од 70 години и повеќе. Личните карти за деца под 12 години ќе имаат максимален период на важење до 5 години.

https://www.consilium.europa.eu

---

## ЕВРОПСКИ ДЕН ЗА РАЗУМНА УПОТРЕБА НА АНТИБИОТИЦИ - 2018

Европскиот ден за рационална употреба на антибиотиците секоја година се одбележува на 18 ноември, со цел подигнување на свеста од заканата по јавното здравје од отпорноста на антибиотиците како и за важноста од разумна употреба на истите.

Најновите податоци потврдуваат дека низ Европската унија бројот на пациенти заразени од резистентни бактерии се зголемува, при што отпорноста на антибиотици претставува голема закана за јавното здравје.

Разумната употреба на антибиотиците може да помогне да се спречат резистентни бактерии во нивниот развојот, а со тоа и антибиотиците ќе ги постигнат саканите ефекти за идните генерации. Борбата против антимикробната отпорност е приоритет за EFSA - Европската агенција за безбедност на храната. Научниците на EFSA работат со Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ECDC) на последниот годишен извештај за нивоата на отпор кај бактериите кои се наоѓаат кај луѓето, храната и животните.

По повод Европскиот ден за разумна употреба на антибиотиците, лекарите, медицинските сестри, болничките менаџери, фармацевтите, земјоделците, ветеринарите, креаторите на политиките, професионални и организации на пациентите, владините институции и пошироката јавност праќаат пораки преку Твитер, Фејсбук или Инстаграм, информирајќи што сè се презема за да се обезбеди дека антибиотиците остануваат ефективни.

#KeepAntibioticsWorking

https://antibiotic.ecdc.europa.eu

EUROPEAN ANTIBIOTIC AWARENESS DAY
A EUROPEAN HEALTH INITIATIVE

## НОВА РЕГУЛАТИВА ЗА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУДСКА СОРАБОТКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА - EUROJUST

На 6 ноември 2018 година, Советот на Европската унија ја усвои Регулативата за Eurojust, откако Европскиот парламент ја одобри претходно во месец октомври. Со овој чекор се комплетира законодавната работа на Европската унија, за создавање на нова безбедносна архитектура на ЕУ за зајакнување на борбата против прекуграничниот криминал, подобра служба и заштита на граѓаните на ЕУ.

Eurojust ќе ја замени постојната одлука на Советот и ќе се применува до крајот на 2019 година. По реформата на Еуропол и Фронтекс, како и формирањето на Европското јавно обвинителство, Eurojust, ја комплетира кривичната правда на ЕУ преку формирање на Eurojust, како Агенција на ЕУ за соработка во кривичното право.

Eurojust, ја ревидира структурата на управување преку воспоставување на Извршен одбор за справување со административни прашања. Колегиумот на Eurojust кој се состои од обвинители од сите земји-членки на ЕУ, ќе може повеќе да се фокусира на оперативните прашања. Зголемениот број случаи на Eurojust, координативните состаноци, центрите за координација и заедничките истражни тимови бараат поефикасен начин на ракување со случаите.

Eurojust, не го заменува успешниот основен концепт за поддршка на националните власти во нивните истраги и обвиненија и откривање врски помеѓу случаите. Ја потврдува актуелната проактивна улога на Eurojust во неговата оперативна, стратешка и тактичка работа.

Eurojust се доведува во согласност со правилата за заштита на податоците што неодамна ги усвои Европската унија, имајќи го предвид конкретниот мандат на Eurojust за обработка на податоци во интерес на борбата против прекуграничниот криминал.

Eurojust вклучува правила за соработка со Европското јавно обвинителство.

https://www.consilium.europa.eu

---

## ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА ВЕШТИНИ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА 2018

Европската недела на вештини беше заеднички организирана од Европска комисија и Австриското претседателство со Советот на ЕУ, при што во Европа се одржаа 1512 настани, со повеќе од 2,2 милиони луѓе, што е за 1,2 милиони повеќе од минатата година. До крајот на декември 2018 година, ќе продолжат да се реализираат повеќе поврзани активности и настани. По повод настанот, Европскиот комесарот за вработување, социјалните работи, вештините и мобилноста на работните места, Маријана Тисен ги најави победниците на наградата за извонредност во стручното образование и обука 2018 година.

“За време на Европската недела на вештини во Виена претставниците и експертите од земјите-членки на ЕУ интензивно работеа на натамошен развој на стручното образование и обука во Европа. Големиот интерес за настанот покажува колку стручното образование и обука се важни за задоволување на идните потреби за вештини и искористување на можностите кои доаѓаат за економијата и општеството”-истакна австрискиот министер за дигитални и економски прашања, д-р Маргарет Шрамбок. Овој настан се организира со учество и поддршка на две агенции на ЕУ - Европскиот центар за развој на стручното образование (CEDEFOP) и Европската фондација за обука. Во текот на таа недела, Cedefop организираше конференција за стручно образование и обука, Европската алијанса за настава ја прослави петтата годишнина, а Комисијата организираше форум со ОЕЦД за образование на возрасни. На завршниот настан се одржа церемонија на доделување награди и презентација на амбасадорот на Европската недела во вештините стекнати во стручното образование и обука во 2018 година.

http://europa.eu

## ИЗБРАН КАНДИДАТ НА ЕВРОПСКАТА НАРОДНА ПАРТИЈА ЗА СЛЕДНИТЕ ЕВРОПСКИ ИЗБОРИ

Европската народна партија одлучи нејзин кандидат за претседател на Европската комисија да биде Манфред Вебер. На конгресот на ЕПП што се одржа на 08. ноември во Хелсинки, Германецот Манфред Вебер беше фаворит и се очекуваше неговиот избор. Тој ќе биде носител на листата на Европската народна партија (ЕПП) за европските избори, кои ќе се одржат во мај 2019 година.

По европските избори кои ќе се одржат од 23-26 мај следната година, ќе бидат избрани претседатели на Европската комисија, Европскиот совет, Европскиот парламент и Европската централна банка, како и високиот претставник на ЕУ за надворешна политика.

Официјалните резултати покажуваат дека Вебер е избран со 492 од вкупно 619 гласови од делегатите на ЕПП, додека Финецо Александар Стуб освоил 127 гласа и два гласа неважечки.

Ако Европската народна партија, кој ги собира заедно централно-десничарските партии останува и понатаму најсилна партија во Европскиот парламент, по европските избори во мај Манфред Вебер може да претендира да го наследи Жан-Клод Јункер на чело на Европската комисија.

Германската канцеларка Ангела Меркел ја даде својата поддршка Манфред Вебер да биде на чело во кампањата на централно-десничарите на изборите за Европски парламент во мај следната година.



http://www.euractiv.rs

## ЧИСТА ПЛАНЕТА ЗА СИТЕ - НОВА ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕГИЈА НА ЕУ

Европската комисија на 28 ноември, усвои стратешка долгорочна визија за просперитетна, модерна, конкурентна и климатски неутрална економија до 2050 година "*Чиста планета за сите*". Стратегијата покажува како Европа може да го предводи патот кон климатска неутралност преку инвестирање во реални технолошки решенија и усогласување на активностите во клучните области како индустриската политика, финансирањето и истражувањето.

За да се постигне климатски неутрална економија ќе биде потребно заедничко дејствување во 7 стратешки области: енергетска ефикасност, распоредување на обновливи извори на енергија, чиста, безбедна и поврзана мобилност, конкурентна индустрија и циркуларна економија, инфраструктура и интерконекции, биоекономија и природни карбон резервоари за прочистување на јаглен како и складирање на отпад од јаглен.

Напредокот во користењето на обновливите енергии и енергетската ефикасност полека стагнира во Европска Унија. Според податоците на Европската агенција за животна средина (EEA) причината е зголемената потрошувачка на енергија, особено во областа на транспортот, според прелиминарните податоци од EEA, во 2017 год. вкупната количина на обновлива енергија во вкупната потрошувачка изнесува 17,4%, во споредба со околу 17% во 2016 година.

„Додека ЕУ како целина е на добар пат кон намалување на емисиите до 2020 година и зголемување на учеството на обновливите енергии, најновите трендови во зголемувањето на потрошувачката на енергија треба да се променат со цел да се постигнат целите за 2020 година", се вели во Извештајот на Агенцијата.

Потрошувачката на енергија расте од 2015 година, а прелиминарната проценка на EEA за 2017 година покажува дека потрошувачката за таа година е поголема од предвидената.




https://ec.europa.eu/commission/news/banking-union-and-capital-markets-union-climate-strategy-2018
https://ec.europa.eu/clima

## СИСТЕМ ЗА КОНТРОЛА НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




Европската Унија постигна договор за правилата на системот за контрола на странските директни инвестиции во Унијата, пред сè од Кина, со цел да се стави крај на она што некои учесници во преговорите го нарекоа наивност на Европа.

Преговарачите од Европскиот парламент и 28 земји-членки се согласија да ги заштитат стратешките технологии и информациите и виталните инфраструктурни објекти, како што се пристаништата или енергетските мрежи.

Предлог-законот кој беше изготвен по порастот на кинеските инвестиции во Европа, предвидува дека Европската комисија ги испитува странските инвестиции и презентира проценка. На прво место, оваа проценка ќе се справи со дилемата дали одредена инвестиција ја загрозува безбедноста на еден витален инфраструктурен објект и дали иновацијата зад годините на истражувачката работа може да дојде во рацете на другите.

„Сите светски сили, САД, Јапонија и Кина имаат методи за проценка, само Европа ги нема“, истакна преговарачот на ЕУ, Френк Пруст, во пресрет на состанокот во Брисел на 20 ноември годинава.

Нацртот не ја споменува експлицитно Кина, но од забелешките на предлагачите кои зборуваат за инвестиции во државна сопственост и за трансфер на технологии, тоа е главно поврзано со таа земја.

Европската комисија уште во септември 2017 година предложи да биде воспостави механизам за соработка во областа на странските директни инвестиции, кој би бил комбинација од база на податоци, размена на информации, на ниво на ЕУ. Целта како што објасни Комисијата во тоа време, е да се ограничат финансиските закани за „критичната инфраструктура“, вклучувајќи ги енергијата, транспортот, комуникациите, датотеките, просторот и финансиските индустрии и „виталните технологии“, како што се индустријата за полуспроводници, роботиката и вештачка интелигенција.

Документот, инициран од Франција, Германија и претходната италијанска влада, треба да биде поддржан од 28 земји-членки на состанокот на 5-ти декември, но поддршката не е загарантирана со оглед на противењето на одреден број земји, како Кипар, Грција, Луксембург, Малта и Португалија. Противниците на предлогот ги поздравуваат кинеските инвестиции, како што е Грција, најголемото пристаниште во Пиреја кое е во мнозинска кинеска сопственост.

Парламентот на Европската унија за предлогот треба да гласа во март следната година.

Нацртот го прошири списокот на витални сектори, вклучувајќи ги и управувањето со водите, здравството, нанотехнологијата, одбраната, медиумите, индустријата на електрични батерии, биотехнологијата и безбедноста на храната.

Сите членки би биле обврзани да поднесат годишен извештај до Европската комисија, која би требало да даде свое мислење во случај една третина од земјите на ЕУ да изразат загриженост за некои од планираните странски инвестиции. Меѓутоа, на крајот, сепак, земјите-членки ќе одлучат дали да ги блокираат странските инвестиции поради безбедносни причини или од јавен интерес.

http://europa.eu

## СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА - НОВИ 17 ПРОЕКТИ НА PESCO

Министрите за надворешни работи на ЕУ и министрите за одбрана се согласија за 17 нови проекти во областа на војската и воената индустрија во рамките на договорот за Постојана структурирана соработка (PESCO), вклучувајќи го и развојот на нови системи за оружје и формирање на училиште за обука. Воените проекти под покровителство на договорот PESCO, интеграциите започнати во декември 2017 година, вклучувајќи ги вооружените сили на 25-те земји-членки на ЕУ, се однесуваат на обука и развој на капацитетите, оперативна подготвеност за копно, море и воздух и кибернетичка одбрана.

Седиштето на заедничката разузнавачка школа, за која 25 министри постигнаа договор на 19 ноември во Брисел, ќе биде во Кипар, а целта на школата ќе биде обука на разузнавачки персонал од цела ЕУ во соработка со националните разузнавачки агенции и НАТО.

Според листата на нови проекти, Германија ќе се вклучи во развојот на новата генерација беспилотни летала за набљудување на копно и море, а заедно со Франција и Шпанија ќе работат на подобрување на карактеристиките на европскиот офанзивен хеликоптер Тигар мк 3.

Меѓу другите проекти се и европско оклопно борбено возило, сајбер-одбранбени тимови и авиони за повеќе атмосферски слоеви кои ќе се користат за собирање разузнавачки информации и извидување.



Земјите-членки на ЕУ, исто така, усвоија заклучоци за зајакнување на цивилната компонента на Европската заедничка безбедносна и одбранбена политика (CSDP), која треба да ја зајакне способноста на ЕУ за распоредување на цивилните мисии за управување со кризи.Целта на овие мисии ќе биде поддршка на полицијата, владеењето на правото и цивилната администрација во опасни и борбени ситуации.

PESCO беше лансиран во 2017 година со цел приближување на ЕУ поблиску до планираната заедничка одбранбена унија и да ја направи унијата пофлексибилна во дефанзивна смисла, но помалку зависна од САД.

Данска, Малта и Велика Британија не се приклучија на проектите PESCO. Првиот состанок на министри во формат PESCO се одржа на 6 март 2018 година, кога беа усвоени 17 први проекти, од досега вкупно 34, во кои членките на ЕУ ќе соработуваат по желба.

https://www.consilium.europa.eu

---

*ЕУ КАЛЕНДАР / декември 2018*

*1.Европски ден на лицата со попреченост 2018, 03-04/12/2018, Брисел, Белгија;*
*2. Конференција за ИКТ 2018: Замислете дигитално - поврзете ја Европа, 04-06/12/2018, Виена, Австрија;*
*3.Пленарна сесија на Европскиот парламент, 10-13/12/2018, Стразбур;*
*4. Состанок на советот за општи работи, 11/12/2018, Брисел, Белгија;*
*5. Европски ден на енергија 2018, 11/12/2018, Катовице, Полска.*



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




